Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 13 и член 24 став 1 и став 3 од ЗОУП („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), а по овластување на Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно Решение број 01-842/1 од 15.12.2021 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Иванчо Ивановски од Битола, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 18.01.2024 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. **Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Иванчо Ивановски од Битола, поднесено до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, заведено под бр. 08-1 на 17.01.2024 година СЕ УВАЖУВА.

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

До Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации Иванчо Ивановски од Битола, завеено под број 08-1 од 17.01.2024 година, со кое Брателот бара преку пошта или е-маил да му биде доставен следната информација од јавен карактер:

„Барам информација што е превземено и дали е санкционирано непостапувањето на Имателот на ИЈК- Иакедонска Спортска Стрелачка Федерација - МССФ, по вашите решенија за задолжително постапување – доставување на побараните ИЈК, и тоа

- Решение бр. 08-251 од 10.10.2022 по кое МССФ до ден денес нема постапено – побараните информации од јавен карактер не се дадени;
- Решение бр. 08-166 од 26.06.2023 по кое МССФ до ден денес нема постапено – побараните информации од јавен карактер не се дадени;
- Решение бр. 08-167 од 26.06.2023 по кое МССФ до ден денес нема постапено – побараните информации од јавен карактер не се дадени;
- Решение бр. 08-182 од 26.06.2023 по кое МССФ до ден денес нема постапено – побараните информации од јавен карактер не се дадени.“

Постапувајќи по горенаведеното барање, а по извршена проверка во списите на погоре наведените предмети, Агенцијата до Барателот на информацијата ја дава следнава информација:

Во врска со предметот 08-251 од 26.09.2022 година, на 10.10.2022 година, донесено е Решение на Агенцијата, со кое Решението на првостепениот орган – Имателот на информации Македонска спортска стрелачка федерација се поништува и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган. Воедно, го задолжи Имателот на информации да го спроведе ова решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја задолжи Агенцијата. Со оглед на фактот дека не е постапено од страна на Имателот на информации – Спроведена е прекршочна постапка против службеното лице за посредување со информации од јавен карактер.

Во врска со предметите 08-166 од 26. 06.2023, 08-167 од 26.06.2023 и 08-182 од 26.06.2023 година, од страна на Имателот на информации - Македонска спортска стрелачка федерација, беа поднесени тужби до Управен суд, против решенијата на Агенцијата. Постапувајжи по тужбите, Управниот суд донесе РешениеУ-6 бр. 408/2023; У-6 бр.409/2023 и У-6 бр.410/2023 со кои тужбата на тужителот се отфрла како недозволена. Од страна на Агенцијата, по електронски пат, беа доставени барања до Имателот на информации, да ја извести Агенцијата дали е постапено по Решението на Агенцијата, со определен рок за известување, а во спротивно ќе се применат прекршочните одредби од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Од страна на Имателот на информации, до Агенцијата е доставен одговор, со образложение дека во тек се постапки кои се водат пред Основното јавно обвинителство и пред Основниот граѓански суд. Во тек е разгледување на предметите и оценка на условите за поведување на прекршочна постапка.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-1
18.01.2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

По овластување на Директор
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Петар Гајдов

Доставено до:
- архива на Агенцијата
- барател на информацијата